**Известување за концентрација која се однесува на стекнување на директна единствена контрола од страна на Агри Европа Кипар Лимитид, Лимасол, Кипар, АИК Банка а.д. Белград, Србија и Горењска Банка д.д. Крањ Словенија врз Сбербанк д.д. Загреб, Хрватска, Сбербанк БХ д.д. Сараево, Босна и Херцеговина, Сбербанк а.д. Бања Лука, Босна и Херцеговина, Сбербанк Магјарорсзаг Зрт. Будимпешта, Унгарија, Сбербанк Србија а.д. Белград, Србија и Сбербанк банка д.д. Љубљана, Словенија**

**(предмет бр. 08-116/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.11.2021 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација која се однесува на стекнување на директна единствена контрола од страна на Агри Кипар Лимитид, Тхе Овал, Канцеларија 502, Криноу 3, 4103 Агиос Атанасиос, Лимасол, Кипар (Agri Europe Cyprus Limited, The Oval, Office 502, Krinou 3, 4103 Agios Athanasios, Limassol, Cyprus), врз Сбербанк д.д., Варшавска 9, 1000 Загреб, Хрватска, Сбербанк БХ д.д., Сараево, Фра Анедла Звиздовиќа, Сараево, Босна и Херцеговина, Сбербанк а.д. Бања Лука, Јеврејска 71, 78000 Бања Лука, Босна и Херцеговина, и Сбербанк Магјарорсзаг Зрт., Ракоцзи ут 1-3, 1088 Будимпешта, Унгарија (Sberbank d.d., Varšavska 9, 10000 Zagreb, Croatia, Sberbank BH d.d. Sarajevo, Fra Andela Zvizdovica 1, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, Sberbank a.d. Banja Luka, Jevrejska 71, 78000 Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, и Sberbank Magyarország Zrt., Rákóczi út 1-3, 1088 Budapest, Hungary), стекнување на директна единствена контрола од страна на АИК Банка а.д. Белград, Булевар Михаил Пупина 115ѓ, 11070 Белград-Нов Белград (AIK Banka a.d. Beograd, Bulevar Mihaila Pupina 115đ, 11070 Belgrade-Novi Beograd, Serbia), врз Сбербанк Србија а.д. Белград, Булевар Михаила Пупина 165г, 11070 Белград-Нов Белград, Србија (Sberbank Srbija a.d. Beograd, Bulevar Mihaila Pupina 165g, 11070 Belgrade-Novi Beograd, Serbia), и стекнување на директна единствена контрола од страна на Горењска Банка д.д. Крањ, Блеивесова цеста 1, 4000 Крањ, Словенија (Gorenjska Banka d.d. Kranj, Bleiweisova cesta 1, 4000 Kranj, Slovenia), врз Сбербанк банка д.д., Дунајска 128а, 1000 Љубљана, Словенија (Sberbank banka d.d., Dunajska 128a, 1000 Ljubljana, Slovenia), по пат на стенување на сите или мнозински дел од акциите во целните друштва.

Подносителите се дел од МК Групација на друштва (Групацијата на Подносителите на Известувањето), воглавном активна во областа на земјоделство, финансии, туризам и енергија. Групацијата на Подносителите на Известувањето нема зависни друштва регистрирани во Република Северна Македонија, но е активна во Република Северна Македонија преку нејзиниот оддел за земјоделство.

Целните Друштва се универзални банки што работат како дел од Групацијата Сбербанк Европа на пазарите во Босна и Херцеговина (Сараево и Бања Лука), Хрватска, Унгарија, Србија и Словенија. Целните Друштва немаат зависни друштва, ниту активности во Република Северна Македонија.

Со оглед на пазарот за кој се однесува Трансакцијата, релевантниот пазар, за целите на ова Известување, може да се дефинира како пазар за давање на сите банкарски услуги на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.11.2021 година
Скопје